# Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување

**Член 1**

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14 ,160/14, 188/14, 20/15, 61/15 и 97/15), во членот 102 став (2) зборовите: „потешко хендикепирано дете“ се заменуваат со зборовите: „дете со телесни или ментални пречки во развојот“.

**Член 2**

(1) Одредбите од членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15 и 97/15) нема да се применуваат во период од 1 јануари до 31 декември 2016 година.

(2) Во 2016 година сите видови на пензии согласно со овој закон се усогласуваат на начин што вкупниот износ за исплата на пензиите за септември 2016 година се зголемува за 5% и се дели со вкупниот број на корисници на пензија кои пензијата ја оствариле заклучно со септември 2016 година.

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членот 2 став (2) од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 октомври 2016 година.